**Член 19**

**Секторот за локален економски развој** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- планирање на одржлив локален економски развој;

- следење и имплементација на законската регулатива од областа на локалниот економски развој;

- изработка и спроведување на Стратешки и плански документи;

- следење на националните и меѓународните стратегии и трендови за развој и усогласување на локалните планови со националните и меѓународните ;

- изработка и предлагање годишни програми за развој на Општина Кавадарци, програма за развој на НВО секторот, Програма за меѓународна соработка, Програма и акционен план за енергетска ефикасност, Програма за информатичка технологија;

- поддршка на развојот на малите и средни претпријатија;

- поддршка на претприемништвото на локално ниво,

- следење и координирање на локалните интереси во склопт на Вардарскиот плански регион,

- одржување и развивање на соработка со збратимени и пријателски градови.

**Член 23**

**Одделението за земјоделство, шумарство, лозарство, винарство и вински туризам**, ги извршува надлежностите кои се однесуваат на :

- иницирање, организирање и координирање активности кои се однесуваат на имплементација на стратегијата за локален економски развој во областа на земјоделството, лозарството и винарството;

- поттикнува развој на вински туризам;

- соработува со странски донатори и фондации во релизација на проекти од локален економски развој;

**Член 24**

**Одделението за поддршка на мали и средни претпријатија** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на :

- создавање база на податоци за мали и средни претпријатија;

- иницирање, организирање и координирање на соработката со бизнис-секторот;

- го поттикнува развојот на претприемништвото на локално ниво;

- поттикнува стратешко партнерство со странски фирми и привлекување на стратешки инвеститори;

- соработува со странски донатори и фондации во реализација на проекти за локален економски развој.

**Член 25**

**Одделението за услуги на граѓаните** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на :

- давање помош на граѓаните и правните субјекти за остварување на нивните права од делокруг на надлежности на Општината, како и пред другите надлежни органи;

- прибирање на барања од граѓаните и правните субјекти;

- контактирање и координирање со надлежните органи во функција на потребите и барањата на граѓаните и правните субјективо Општината;

- работи поврзани со слободен пристап до информации од јавен карактер.